ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki, Gradski park bb, Macedonia e-mail: chessmkd@t.mk

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број 85 – 23 / , 2023 година

# РАСПИС ЗА
# ЕКИПНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИ ЗА 2023год

1. Шаховската Федерација на Македонија организира Младински екипни лиги во шах во категории U08, U10, U12, U14, U16 и U18 кои ќе се одржат за време на викендите на 25 и 26 ноември како и на 02 и 03 декември 2023 година, во ОУ "ЈАХЈА КЕМАЛ" во Скопје.
2. Право на настап имаат сите регистрирани екипи во ШФМ како и останати спортски здруженија со Решение за вршење дејност спорт од Агенција за млади и спорт, кои ќе пријават екипи согласно расписот на ШФМ и актуелниот Календар на ШФМ.
3. **Рок за пријавување на екипите со комплетен основен состав и капитен е најдоцна до 20 ноември 2023 год**.
4. Натпреварите ќе се играат на 4 табли со 4 резерви. Основниот состав на екипите е ограничен на максимум 8 шахисти ( 4 во основен состав + 4 резерви). Во пријавата задолжително да стои и ФИДЕ кодот на шахистите (или дата на раѓање доколку немаат ФИДЕ код).
   Основниот состав се одредува по рејтинг. Дозволено е отстапување од ова правило, со ограничување дека шахист кој има 100 или повеќе рејтинг поени не може да биде пријавен на пониска табла од друг шахист. Конечниот редослед по табли се пријавува на Техничката конференција (Состанок на капитени), на почетокот на турнирот. По пријавувањето, редоследот по табли не може да се менува до крајот на натпреварувањето.
5. Лигата во возрасна категорија ќе се одржи доколку има пријавено најмалку 2 екипи во категоријата на местото на одржување. Доколку се пријави само една екипа таа се прогласува за победник во својата категорија и се спојува да игра во повисока каде оваа екипа не може да освои пехар или медал ( односно настапува без право на пласман).
6. Првопласираните екипи по возрасна категорија добиваат пехар а шахистите од најдобрите три екипи по возрасна категорија добиваат медали.
7. За Клубот не може да настапат странски државјани, освен доколку истите се на ФИДЕ Македонската рејтинг листа.
8. Лигите ќе се рејтингуваат доколку се исполнети условите за тоа.
9. Се игра според Правилата на ФИДЕ за стандарден шах. Темпо на игра е **60 минути до крајот на партијата по играч, со додаток од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.**
10. Ако за поедини мечеви настапуваат резерви, капитенот е должен да предаде состав пред почетокот на колото.

12. Толеранција за доцнење на почеток на партија е **15 минути**. Доколку на почетокот на колото не се присутни повеќе од 50% од шахистите (т.е. 3 шахисти) од екипата, екипата не може да го започне мечот.

13.Се игра по Бергеров систем (секој со секого) по бод систем. За победа во меч се добиваат два бода, а за нерешен резултат еден бод. При ист број на бодови одлучува:

- Вкупен број на поени
- Резултат од меѓусебна средба
- Подобар успех на сите табли на целото натпреварување

(1.табла се бодува со 100 поени, 2.табла со 94 поени,3.табла со 90 поени и 4.табла со 88 поени)

14. Техничката конференција и определување турнирски броеви ќе се изврши на **25 ноември (сабота) во 09:30 часот**. Со предавањето на основниот состав, секоја екипа е должна да именува свој капитен и да го назначи во составот. По објавувањето на составите на пријавените екипи ќе биде објавен Правилник за натпреварите на Младинските екипните лиги на Македонија за 2023 година. Во него ќе бидат содржани сите информации поврзани со условите за игра.
15. Ако една екипа ги започне, а не ги заврши натпреварите, губи право на настап на Екипните младински натпревари во следната година.
16. Доколку една екипа изгуби повеќе од половината партии со контумација заради неприсуство на играч, губи право на настап на Екипните натпревари во следната година.
17. Забранета е употребата на мобилни телефони, таблети и слични електронски уреди во салата за игра.
18. Секоја екипа назначува капитен. Пред секое коло капитенот на екипата го предава составот на екипата. Во салата за игра се строго забранети разговори меѓу играчите и други лица. Одлуката за нудење или прифаќање на понудено реми, како и за предавање на партија е исклучиво право на самиот шахист без право на консултација со другите шахисти од екипата или со капитенот.
19. Комисијата за регуларност ја сочинуваат еден судија делегиран од ШФМ и двајца членови одредени на Техничката конференција. Одлуките на Комисијата се извршни, без право на жалба.

20. Пријавување на екипите на маил **marjan.mitkov@gambit.com.mk**

Скопје, 28 октомври 2023 година

Шаховска федерација на Македонија
Митков Марјан,стручен секретар

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ